**20242454313**

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21 и 74/24), а во согласност со член 266-а став 1 и 6 од Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/01, 04/02, 05/03, 84/08, 81/09, 161/09 и 123/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21 и 154/23), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија, донесе

## ОДЛУКА ЗА РЕФЕРЕНТНАТА СТАПКА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА СТАПКАТА НА КАЗНЕНАТА КАМАТА

1. Со оваа одлука Народната банка на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Народната банка) го регулира начинот на утврдување и објавување на референтната стапка за пресметување на стапката на казнената камата.

2. Референтната стапка за пресметување на стапката на казнената камата за одредено полугодие е каматната стапка на основниот инструмент од операциите на отворен пазар – благајнички записи на Народната банка, којашто е постигната на последната аукција во претходното полугодие.

Каматната стапка на благајничките записи од ставот 1 на оваа точка е каматната стапка утврдена од страна на Извршниот одбор на Народната банка при тендер со износи и тендер со максималната каматна стапка, односно просечната пондерирана каматна стапка при тендер со каматни стапки.

3. Референтната стапка за пресметување на стапката на казнената камата се објавува на интернет-страницата на Народната банка.

4. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за референтната стапка за пресметување на стапката на казнената камата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/11 и 49/12).

5. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02 - 40305/8
28 ноември 2024 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Анита Ангеловска-Бежоска,** с.р.